РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ
1107-6894/2020 од 21.11.2020 08:50:12

**Податоци за сертификатот на овластеното лице**
**Сертификатот е издаден на:** ЈАГОДА ВАПСКА
**Издавач:** KibsTrust Qualified Certificate Services
**Сериски број:** fdbb7e1c
**Валиден до:** 04.10.2021
**Датум и час на потпишување:** 21.11.2020 во 08:50:17
**Документот е дигитално потпишан и е правно валиден**

1107-6894/2020

Врз основа на член 161 од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија“ бр. 55/2013), Агенцијата за катастар на недвижности, Центар за катастар на недвижности Скопје по барање на по службена должност од податоците во катастарот на недвижности го издава следното

# УВЕРЕНИЕ

## ЗА ИСТОРИСКИ ПРЕГЛЕД НА ИЗВРШЕНИТЕ ЗАПИШУВАЊА
## ЗА КП број. 2377/1 КО ГАЗИ БАБА

Во 1939 година врз основа Договор за купопродажба Ов.бр.319 од 03.02.1938го .од Срески суд Скопје, од КП12868 се оформува КП12868/3 нива 6та класа со 4364м2 е евидентирана во ПЛ 9420 на Хусејиновиќ Рамадан.
Во 1948 година, во постапка на Ревизијата со која е вршено усогласување на состојбата на податоците од катастарската евиденција, со фактичката состојба на теренот (согласно Одлука на Владата на ФНРЈ бр.591/48 и Сл.лист бр.8/48), КП.12868/3 со непроменета површина се евидентира во ПЛ.3892 на Хусеин Асан Рамадан.
Во 1956 година КП12868/3 нива 6та класа со 25000м2 е евидентирана во истиот ПЛ 3892 на досегашен. (во промената не се наведени податоци).
Во 1958 год. врз основа на Договор Ов.бр.4149/57 од Околиски суд, КП.12868/3 со непроменета површина е евидентирана во ПЛ.11286 на Кастрати Халита Салах на 10000/25000 ид.дел, Козаревски Тодоров Јануш на 9000/25000 ид.дел и Пешев Лазарова Димитрија на 6000/25000 ид.дел.
Во 1962 година, врз основа на Решение за експропријација бр.05-10676/61 од Н.О. на Скопска Околија, КП.12868/3/дел со површина 24212 м2 се евидентира во ПЛ.11286 на Кастрати Хамити Салах на 9240/24212 ид.дел, Козаровски Тодоров Јануш на 9000/24212 ид.дел и Пешев Лазаров Димитрија на 5972/24212 ид.дел, и Решение бр.03-7959/61 НО општина Саат кула, КП 12868/3/дел нива 6та класа со 788м2 е евидентирана во ПЛ 10430 на ОИ на Рудници и железара Скопје.
Во 1965 година, врз основа на Решение за експропријација бр.03/2-6296/1964 година од Собрание на Саат Кула, КП.12868/3 /дел (од ПЛ 11286) се евидентира во ПЛ.10430 на Претпријатие за рудници и Железара Скопје.
Во 1991 год. врз основа на Одобрение за градба Уп.бр.10-13/81 и 10-13/2-81 Р.К. за енергетика индустрија и градежништво бр.Уп..10-74/78 од Републички секретаријат за индустр. самоуправна спогодба бр.457/91 , Решение од Окружен стопански суд Ф.И.бр.869/82 и срег.бр.705/89 КП.12868/3 неплодно со површина 25000 м2, останува евидентирана во ПЛ.10430 на Рудници и железарница - Скопје.
Во 1992 год. врз основа на список пријава за спојување на парцели бр.08-4/283/88 , КП.12868/3 неплодно со површина 44213 м2 останува евидентирана во ПЛ.10430 на досегашен.
Во 2005 година, престанува да се применува катастарот на земјиштето за дел од КО Скопје, установен согласно Законот за премер, катастар и запишување на правата на недвижностите, а во примена стапува катастарот на недвижности за КО Г.Баба , установен согласно Законот за премер и запишување на правата на недвижностите.
При устројувањето на катастарот на недвижностите извршена е нова нумерација за катастарските парцели, при што дел од КП. 12868/3 со површина од 4568 м2 останува во КО Скопје, додека дел од КП12868/3 е настаната КП. 2377/1 , КО.Г. Баба.
Со излагањето на јавен увид на податоците од премерот за КО Гази Баба извршен согласно Законот за премер , катастар и запишување на правата на недвижностите(Сл. весник бр. 22/86 и 17/91) и стапување во сила на катастарот на недвижностите за КО Гази Баба во 2005 година ,КП 2377 неизградено земјиште со површина 39645 м2 со неутврдено право на сопственост е запишана во ИЛ. 5286 .
Во 2011 година врз основа службена белешка бр.1121-896/11г. од оваа Управа, ИЛ 5286 (цел

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ
1107-6894/2020 од 21.11.2020 08:50:12

1107-6894/2020

имот) се запишува на Р.Македонија сопственост.
Во 2013 год. врз основа на Потврда бр. 1113-15001/2012 од овој Сектор , градежна дозвола бр.06-10960 од 62г. градежна дозвола бр.06-10644 од 62г. Геодетски елаборат бр.547/12 , КП 2377 со непроменета површина останува запишана во ИЛ 5286 на Република Македонија со право на сопственост.
Во истата 2013 год. врз основа Потврда бр.1113-11855/2013 и врска предмет 1113-15001/13 од овој Сектор , од КП.2377 се оформуваат повеќе парцели меѓу кои и КП.2377/1 градежно неизградено земјиште со површина 32686 м2, и е запишана во ИЛ.5286 на Република Македонија со право на сопственост.
Во 2014 год. согласно Член 83 од Законот на катастар на недвижности ( Сл.весник 55/2013 ) на сила стапува дигитален катастарски план врз основа на аналоген катастарски план , при што КП.2377/1 градежно неизградено земјиште со површина 32686.55 м2, останува запишана во ИЛ.5286 на Република Македонија со право на сопственост.
Заклучно со 21.11.2020година други промени нема.

**Овластено лице**

М.П. **Јагода Вапска**

(име и презиме, потпис)